Врз основа на член 126 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став (1) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА
## со законска сила за примената на Законот за извршување на санкциите за време на вонредна состојба

### Член 1

Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 99/19 и 220/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.
За издавањето на упатните акти, извршувањето на упатните акти и упатувањето на притворени лица на издржување на казната затвор, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

### Член 2

Издавањето на упатните акти од страна на судијата за извршување на санкциите за изречена казна затвор до три години, се одложува до 1 септември 2020 година, освен за предметите каде постои опасност за застарување на казната.
Извршувањето на упатните акти кои се веќе доставени до казнено-поправните установи, се одложува до 1 септември 2020 година, освен за упатните акти за кои се веќе издадени меѓународни потерници.
Лицата кои се наоѓаат на издржување на мерка притвор, по правосилноста на пресудата, веднаш се упатуваат на издржување на казната затвор.

### Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-2953/1**
**8 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**